IPA Civil Society Facility and Media Programme 2018-2019 2020/420-896

# Стратегија за развој на женско претприемништво во Скопски плански регион

## National Platform for Women Entrepreneurship

## Национална платформа за женско претприемништво

EuropeAid/167061/DD/ACT/MK

This project is funded by the European Union

This project is implemented by:

## Кратенки

| | |
|---|---|
| ГЕМ | Global Entrepreneurship Monitor / Глобал монитор за претприемништво |
| ЕУ | Европска унија |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ООН | Организација на Обединети нации |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САД | Соединети Американски Држави |
| Стратегиј а | Стратегија за развој на женското претприемништво на Скопски плански регион (2023-2028) |
| ЦОР 5 | Цел за одржлив развој 5 |
| GGG | Индекс на глобален родов јаз |
| GII | Индекс за родова нееднаквост |
| SIGI | Социјални институции и родов индекс |

**Содржина:**

Резиме.......................................................................................................................
1.Вовед.......................................................................................................................
1.1 Општо за Скопскиот плански регион.................................................................
1.2.Причини за изработка на Стратегијата за женско претприемништво ..............
2.Анализа на економските и претприемачките активности на жените.....................17
2.1 Претприемачка активност кај жените................................................................17
2.2 Вработеност..........................................................................................................17
2.3 Плати......................................................................................................................19
3.Методологија.............................................................................................................21
4. Стратешки цели на развој на претприемништвото кај жените............................23
4.1Клучни показатели......................................................................................................24
5.Пристап и реализација на стратешките цели.........................................................26
6.Пратење и вреднување..............................................................................................29

Прилог 1 – Акциски план

Прилог 2 – Најдобри практики од САД и ЕУ

Прилог 3 – Листа на користени студии, документи и статистички податоци

# Резиме

Со оглед на тоа дека градот Скопје и целиот Скопски плански регион може да се земе како двигател на националната економија, не треба да се занемари фактот дека во него партиципираат и компании и претпријатија раководени од жени. Поради тоа, фокусот на зајакнувањето на женското претприемништво е исто така важен како на централно така и на локално ниво, преку взаемно поврзани политики, програми и иницијативи за промена на рамките на општествениот систем на вредности, како и на институционалната инфраструктура со која треба да го направи Скопски плански регион по привлечен за жените инвеститори. Стратегијата за развој на женското претприемништво на Скопскиот плански регион, има за цел економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе со развојот на постоечките, и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на локалната, и целокупната економија во Република Северна Македонија (РСМ).

Со цел изработка на квалитетна Стратегија прилагодена на потребите на жените претприемачи и потенцијални претприемачи, во текот на подготовката на истата се реализираа активности поврзани со собирање на податоци од примарни и секундарни извори и нивна анализа, кои помогнаа во изработката на „Стратегијата за женско претприемништво на Скопски плански регион (2023 – 2028)“ (Стратегија).

Во текот на изработката на стратешкиот документ беа исто така реализирани и информативни активности преку релевантите чинители и дел од организациите за деловна поддршка и претпријатијата од градот Скопје се запознаа со приоритетите и визијата на Стратегија, како и со самата содржина на истата. .

Стратегијата ќе овозможи поттикнување на побрзо и полесно економско интегрирање на жените со подршка на нивниот претприемачки потенцијал и создавање на поволна бизнис средина за нивното вклучување во претприемништвото, што исто така ќе придонесе за развој на постоечките и отворање на нови бизниси, создавање нови работни места, како и за целокупниот развој на секторот на малите и средни претпријатија во овој регион.

Визијата на стратегијата за женско претприемништво е да создаде инклузивна средина која ќе им овозможи на жените да започнат и реализираат успешни бизниси. Целите на таквата Стратегија вклучуваат зголемување на бројот на жени претприемачи, подобрување на нивниот пристап до финансирање и ресурси, достапност до обуки, практики и намалување на бариерите и предрасудите.

За да се постигнат овие стратешки приоритети, стратегијата се фокусира на следниве стратешки цели:

Стратешка цел 1 – Поголемо учество при креирање на политиките за претприемништво, со осврт кон развојот на женското претприемништво и дефинирање на мерки, како што се даночни стимулации или програми кои им даваат приоритет на бизнисите предводени од жените.

Стратешка цел 2 - Поддршка и развој на локални организации кои ги подржуваат жените претприемачки и организации кои ги подржуваат бизнисите, и поврзување со образовни, истражувачки и државни институции за обезбедување целосна подрршка при нивно застапување, обуки и дополнителни ресурси за жените претприемачи.

Стратешка цел 3 - Развивање на програми и структура за раст и развој на бизнисите основани и раководени од жени преку различни програми и активности, како што се креирање инкубаторски и акцелераторски програми, иновативни бут кампови и слично.

Стратешка цел 4 - Креирање на платформа за развој на женското претприемништво како место каде ќе се спроведуваат програми за едукација, поврзување, раст, развој, како и менторство кои ги поврзуваат искусни претприемачи со жени кои штотуку почнуваат свои бизниси.

# 1.Вовед

Стратегија) е изготвена согласно националната Стратегија за женско претприемништво и останати стратешки документи на Европската Унија (ЕУ), за примена на принципот на родова еднаквост.

Стратегијата како документ за идините политики во оваа сфера треба да придонесе за пошироко промоција на претприемништвото меѓу жените, како и за намалувањето на родовата нееднаквост која постои во бизнис секторот.

Стратегијата се заснова и на приоритетите дефинирани во стратешката рамка на ЕУ, Актот за мали бизниси на ЕУ[1], Женската повелба[2], Стратегијата за родова еднаквост[3], и останати стратешки документи, чии цели се постигнување паметен, одржлив и инклузивен раст, што подразбира широко и ефективно забрзување на стимулирањето на економскиот потенцијал на жените. Меѓу клучните насоки од Стратегијата Европа 2020[4] за паметен, оддржлив и инклузивен раст, е и посветување посебно внимание на развојот на претприемништвото и самовработувањето на жените. Во таа насока, земјите-кандидати како што е РСМ се охрабруваат да започнат со креирање и имплементирање национални и локални стратегии кои ќе имаат за цел да го зголемат уделот на жените на раководни позиции во претпријатијата, да започнат да собираат статистички податоци состојбата на жените претприемачи во бизнис секторот, да изработуваат годишни извештаи за состојбата на жените за претприемништво на национално и локално ниво, за проширување на постоечките мрежи на женски ментори и амбасадори на женското претприемништво и спроведување на политики кои ќе им овозможат на жените полесно да се интегрираат во бизнис секторот.

РСМ како земја која сака да обезбеди подобар квалитет на живот за своите граѓани и да ја направи земјата попривлечна за инвеститорите, преку усвојување и имплементирање на различни национални стратегии и политики полека, но сигурно, ја гради инфраструктурата и опкружувањето кои треба да придонесат кон тоа.

Стратегијата, водејќи се по истите начела, ќе помогне на Скопскиот плански регион како и на градот Скопје да ги следи националните приоритети во оваа област како и тиие ЕУ преку имплементација на одредени активности, мерки и проекти кои треба дополнително да допринесат за јакнење на женското

[1] Закон за мали бизниси - База на добри практики https://ec.europa.eu/growth/tools-databases/sme-best-practices/SBA/index.cfm?fuseaction=welcome.detail

[2] Женска повелба за еднаквост меѓу жените и мажите https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52010DC0078&from=en

[3] Стратегија за родова еднаквост https://ec.europa.eu/newsroom/just/items/682425/en

[4] Стратегија Европа 2020 https://ec.europa.eu/eu2020/pdf/COMPLET%20EN%20BARROSO%20%20%20007%20-%20Europe%202020%20-%20EN%20version.pdf

претприемништво и негова промоција на локално ниво. Стратегијата има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија.

## 1.1 Општо за Скопскиот плански регион

Скопскиот плански регион е најмногу населен регион на територијата на РСМ. Центар на Скопскиот плански регион е градот Скопје, а регионот територијално е поделен на неколку општини. Денес, согласно новиот закон за територијална организација на локалната самоуправа, Скопскиот плански регион е поделен на следниве општини: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во државата во 2021 година имало 70.424 активни деловни субјекти. Во таа насока, податоците за структурата на активните претпријатија по сектори на дејност покажуваат дека во 2021 година најголемо учество имал секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со 31.1 %.

Од вкупниот број на работодавачи, во 2021, само 19% се жени. Слично на тоа, 78% од вработените на сопствена сметка се мажи, додека 22% се жени.

Податоците за структурата на активните претпријатија според бројот на вработени покажуваат дека најголемо учество од 82.5 % имаат претпријатијата со 1 до 9 вработени. Потоа следат претпријатијата без вработени или со неутврден број на вработени (без податок за вработени) со 7.3 %, па претпријатијата со 10 до 19 вработени со 4.6 %, потоа со 20 до 49 вработени, чие учество изнесува 3.1 %, со 2.1 % учествуваат претпријатијата со 50 до 249 вработени и само 0.3 % од активните претпријатија имаат над 250 вработени.

Податоците за структурата на активните деловни субјекти по региони покажуваат дека најголемо учество има Скопјскиот регион со 39.03% а најмало учество има Северо-Источниот регион со 5.06%.

Според податоците за демографија на претпријатијата, бројот на ново отворени претпријатија во РСМ во 2021 година изнесува 5.141, а исто така најголемо учество во структурата на ново формирани претпријатија има Скопскиот регион со 4.07%.

Според седиштето на деловните субјекти, во 2021 година најголем извоз во вредност од 4.419 милиони УСД, е регистриран во Скопскиот регион.

Во Скопскиот регион бројот на активни субјекти во 2021[5] година изнесувал 27.218. Најбројни се препријатијата кои се со број на вработени лица од 1-9 и тоа

[5] Број на активни претпријатија по региони и општини, по класи на големина според бројот на вработени, од Завод за статистика 2021

20.762 претпријатија, потоа следуваат правните субјекти кои немаат вработени[6] и тоа 3.238 претпријатија, трети се претпријатија со 10-19 вработени лица и тоа 1.463, потоа следат претпријатија со број на вработени 20-49 954 претпријатија, претпоследни се претпријатијата со 50-249 вработени 661 претпријатие и најмал број имаат препријатијата со повеќе од 250 вработени кој број изнесува 140.

Според општини најмногу активни претпријатија има општина Центар со 6.971 активни субјекти, следи општина Карпош со 4.149 активни претпријатија, трета е општина Аеродром со 3.586 претпријатија. Следат Кисела Вода со 2.817, Гази Баба со 2.634, Чаир со 1.825, Ѓорче Петров со 1.487, Бутел со 1.392, Илинден со 628, Сарај со 556, Студеничани со 261, Шуто Оризари со 217, Петровец со 204, Чучер Сандево со 188, Сопиште со 127 и Арачиново со 108. Општина со најмалку активни правни субјекти е Зелениково со само 68 претпријатија.

Согласно горенаведените статистички податоци се забележува дека градот Скопје и околината се главен двигател на економијата на РСМ и согласно тоа зголемувањето на деловната активност, во делот на МСП таргетирајќи го женското претприемништво како фундаментален фактор е значаен дел од целокупниот иден социо-економски развој на државата.

## 1.2.Причини за изработка на Стратегијата за женско претприемништво на град Скопје

Во изминатиов период беа изработени бројни анализи и истражувања, со кои се идентификува проблемот на родова нееднаквост во областа на економскиот живот.

Бројни меѓународни споредби укажуваат дека РСМ сеуште значително заостанува во остварувањето на родовата еднаквост. Постојат три клучни меѓународни индикатори со кои се мери родовата избалансираност (пристап или вклученост на жените): Gender Inequality Index (GII), Global Gender Gap (GGG) и Social Institutions and Gender Index (SIGI).

**Gender Inequality Index (GII)**[7] – е индекс на родова нееднаквост, кој Организацијата на Обединатите Нации (ООН) го следи од 1995 година и се темели на 5 индикатори и истиот покажува во која мера националните достигнувања во одредени области на развој на човечките ресурси се загрозени поради родова нееднаквост.

Индикаторите во овој индекс се поделени во 3 димензии и се користат за проценка на загубите човечкиот развој предизвикан од родовата нееднаквост во трите аспекти на „репродуктивното здравје“,„овластувањето“ и „пазар на труд“.

- Индикаторите избрани за аспект на „репродуктивното здравје“ сочинуваат „однос на смртност на мајките“ и „стапка на плодност кај адолесцентите“:

[6] *Без вработени и претпријатија со неутврден број на вработени

[7] Програма за развој на Обединетите нации https://hdr.undp.org/data-center/thematic-composite-indices/gender-inequality-index

- Индикаторите за „овластување“ сочинуваат „женски и машки удел во пратеничките места“ и „населението со најмалку средно образование (% на возраст од 25 и повеќе години) ";
- Индикаторот за "пазар на труд" претставува „стапка на учество во работната сила“.

РСМ во 2015 година, како и повеќето соседни земји, припаѓа во групата на земји кои имаат релативно високо ниво на родова еднаквост (Табела 1), но податокот дека постојат земји со повисоко ниво на родова еднаквост и понатаму претставува предизвик. Дотолку повеќе што за 2015 година највисоко ниво на родова еднаквост има Швајцарија со (0,040), а потоа следат Данска со (0,041), Холандија со (0,044) па Шведска, Исланд , Норвешка, Словенија, Финска, Германија и Република Кореа.

**Табела 1 - Индекс на родова нееднаквост – Gender Inequality Index (GII), 2015**[8]

| Земја | GII | Ранг (од 155 земји) |
|---|---|---|
| Грција | 0,119 | 23 |
| Хрватска | 0,141 | 31 |
| Македонија | 0,160 | 36 |
| Црна Гора | 0,156 | 33 |
| Србија | 0,185 | 40 |
| Босна и Херцеговина | 0,158 | 34 |
| Бугарија | 0,223 | 45 |
| Албанија | 0,267 | 51 |
| Турција | 0,328 | 61 |
| СВЕТ просек | 0,443 | |

**Global Gender Gap (GGG)**[9] – индекс на глобален родов јаз, кој од 2006 година го пресметува Светскиот Економски Форум (World Economic Forum), ги мери родовите основни разлики во пристапот до ресурси и можности во поединечни земји, а не вистински расположивите ресурси и можности во тие земји. Еден од под-индикаторите е економската партиципација и пристапот кон можностите, кој се темели на 4 показатели во однос на жените и мажите во следните категории:

- Учество во работната сила;
- Еднакви плати за слична работа;
- Проценета заработувачка; и
- Учество во категоријата на законодавни функционери, функционери од повисок ранг и менаџери.

Рангот на набљудувани земји според GGG индексот и показателите на Економската партиципација и пристапот до можностите (Табела 2) го покажува значителното заостанување на РСМ во однос на некои земји од регионот.

Меѓутоа, нешто што дополнително треба да се земе во предвид е тоа што според показателот за економска партиципација и пристап до можности во 2016

[8] Извештај за човечки развој 2016 (Човечки развој за сите) https://hdr.undp.org/system/files/documents/2016humandevelopmentreportpdf1pdf.pdf

[9] Програма за жени лидери и родова рамнотежа https://web.archive.org/web/20081113001001/http://www.weforum.org/en/Communities/Women%20Leaders%20and%20Gender%20Parity/index.htm

година во однос на 2006 година (кога Светскиот економски форум започнал за прв пат да го следи јазот во еднаквоста на користење на ресурсите) е значително влошен. Имено, во 2006 година, РСМ по вредноста на тој показател била на 38 место од 115 земји, а во 2017 година е на 96 место од 144 земји со незначително пониска вредност.

Тоа е поради фактот што голем број од другите земји направиле значително повеќе за да ја намалат нееднаквоста во економската партиципација и пристапот до можностите.

**Табела 2 - Индекс на глобален родов јаз - Global Gender Gap Index (GGG), 2017[10]**

| | **GGG** | **GGG** | **Економска партиципација и пристап до можности** | **Економска партиципација и пристап до можности** |
|---|---|---|---|---|
| Земја | Вредност | Ранг* | Вредност | Ранг* |
| Бугарија | 0,756 | 18 | 0,710 | 51 |
| Србија | 0,727 | 40 | 0,670 | 72 |
| Албанија | 0,728 | 38 | 0,673 | 70 |
| Хрватска | 0,711 | 54 | 0,689 | 63 |
| Македонија | 0,702 | 67 | 0,636 | 96 |
| Босна и Херцеговина | 0,702 | 66 | 0,575 | 116 |
| Црна Гора | 0,693 | 77 | 0,653 | 88 |
| Грција | 0,692 | 78 | 0,670 | 73 |
| Турција | 0,625 | 131 | 0,471 | 128 |

Земји кои предводат во еднаквоста во користење на ресурси и пристап до можности се Исланд (0,878), Норвешка (0,830) и Финска (0,823).

**Social Institutions and Gender Index (SIGI)[11],** го мери влијанието на општественото однесување (на пр. Дискриминирачката практика на наследување, насилство над жените, отежнат пристап кон сопственост над земјиште и кон кредити). Според овој индекс РСМ се наоѓа во групата земји со средно ниво на нееднаквост, но со оглед на вредноста на под-индексот за Ограничен пристап до ресурси и права, земјава се наоѓа во групата со многу висока нееднаквост.

**Табела 3[12] - Социјални институции и родов индекс - Social Institutions and Gender Index (SIGI)**

| **Земја** | **SIGI** | **SIGI** | **Ограничен пристап до ресурси и права** |
|---|---|---|---|
| | Вредност | Ранг | Вредност |

[10] Извештај за Глобалниот родов јаз за 2017 година https://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2017.pdf

[11] Социјални институции и родов индекс (SIGI) https://www.genderindex.org/

[12] Социјални институции и родов индекс, Синтезиски извештај за 2014 година, ОЕЦД, 2014 година https://www.oecd.org/dev/development-gender/BrochureSIGI2015-web.pdf

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Многу ниско ниво на нееднаквост** | | | |
| Србија | 0.0097 | 5 | 0 |
| Босна и Херцеговина | 0.0333 | 11 | 0,2048 |
| **Ниско ниво на нееднаквост** | | | |
| Бугарија | 0,0499 | 19 | 0 |
| Турција | 0,1032 | 35 | 0 |
| **Средно ниво на нееднаквост** | | | |
| Македонија | 0.1345 | 45 | 0,4076 |
| **Високо ниво на нееднаквост** | | | |
| Албанија | 0.2476 | 74 | 0,4076 |

Сите три показатели говорат за тоа дека во РСМ постои значителна родова нееднаквост во партиципацијата во економскиот живот на земјата, во пристапот кон ресурсите и можностите. Сето тоа дава доволно силна аргументација зошто во државава покрај национални политики потребни се и активности и на локално ниво што ќе допринесат за подигнување на свеста и промоција на женското претприемништво.

*Учеството на жените во (не)вработеноста*

Во однос на учеството на жените во вработеноста треба да се користи метриката која е одредена од страна на ЕУ за мерење на идентификуваните цели во стратешкиот документ Европа 2020. Еден од нив е постигнување на вработеност на населението на возраст од 20 - 64 години на ниво од 75% за жените и за мажите. Сепак, нивото на вкупна вработеност во РСМ во 2021 година (население на возраст од 15 години и повеќе) е 38,3% кај жените и 56,2% кај мажите[13].

**Графикон 1 - Вкупна вработеност во РСМ (15+ години) 2021[14]**




[13] Стапки на вработеност на населението на возраст од 15 години и повеќе според полот и возраста, по години https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[14] Стапки на вработеност на населението на возраст од 15 години и повеќе според полот и возраста, по години, Попис 2021 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Во Скопскиот регион според последните податоци од 2021[15] година стапката на невработеност на популација од 15 години + е 13,9%, додека стапката на вработеност е 48,2% и стапката на активност е 56%.

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во Град Скопје во 2021 година, 51% се жени и 49% се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Нешто повеќе од 2/3 или 68% од невработените лица се без основно образование, со основно образование 57% и со нецелосно средно образование 11%.[16]

**Табела 4 - Вкупно работно способно население на возраст од 15 години + според возраст, пол и економската активност, по општини во 2021[17]**

| | Работоспособно население | | | Активно население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Град Скопје** | 432 001 | 207 504 | 224 497 | 219 289 | 118 250 | 101 039 |
| **Арачиново** | 9 233 | 4 776 | 4 457 | 2 068 | 1 584 | 484 |
| **Зелениково** | 2 787 | 1 427 | 1 360 | 1 312 | 800 | 512 |
| **Илинден** | 14 562 | 7 244 | 7 318 | 8 067 | 4 460 | 3 607 |
| **Петровец** | 7 280 | 3 668 | 3 612 | 2 951 | 1 774 | 1 177 |
| **Сопиште** | 5 343 | 2 687 | 2 656 | 2 584 | 1 550 | 1 034 |
| **Студеничани** | 15 431 | 7 911 | 7 520 | 4 308 | 3 555 | 753 |
| **Чучер - Сандево** | 7 542 | 3 876 | 3 666 | 3 542 | 2 044 | 1 498 |

Според Државниоот завод за статистика односно според податоците од последниот попис, Град Скопје има 432.001 лица кои се вкупно работно способни кои 207.504 лица се мажи, а 224.497 жени. Активно население е во вкупен број од 219.289 лица од кои 118.250 се мажи додека 101.039 жени.

**Табела 5 - Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини во 2021[18]**

| | Активно население вработени | Активно население невработени |
|---|---|---|

[15] Стапки на активност на населението на возраст на 15 години и повеќе по региони, по години, Попис 2021 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[16] Невработени лица на возраст од 15 години и повеќе лица според највисокиот степен на школска подготовка, пол и возраст, по општини, Попис 2021 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[17] Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[18] Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| Општина | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Град Скопје** | 196 520 | 105 076 | 91 444 | 22 769 | 13 174 | 9 595 |
| **Арачиново** | 1 332 | 1 065 | 267 | 736 | 519 | 217 |
| **Зелениково** | 1 200 | 733 | 467 | 112 | 67 | 45 |
| **Илинден** | 7 400 | 4 118 | 3 282 | 667 | 342 | 325 |
| **Петровец** | 2 664 | 1 603 | 1 061 | 287 | 171 | 116 |
| **Сопиште** | 2 284 | 1 369 | 915 | 300 | 181 | 119 |
| **Студеничани** | 3 140 | 2 691 | 449 | 1 168 | 864 | 304 |
| **Чучер - Сандево** | 3 243 | 1 881 | 1 362 | 299 | 163 | 136 |

Во врска со вработеноста и невработеноста на активното население во Скопскиот плански регион се забележува дека од активно вработените лица поголем број се мажи, а исто така и од активно невработените лица во овој плански регион поголем процент опфаќаат повторно мажите.

Доколку пак ако ја анализираме невработеноста во РСМ како посебен ентитет во трудовата национална статистика, се забележува дека, вкупниот број неактивни жени на пазарот на труд односно 46%, имаат завршено само основно образование, а од нив 58% живеат во руралните области. Најголем дел од неактивните мажи имаат завршено 4-годишно средно образование односно 39%, наспроти 29% од неактивните жени. Жените се генерално помалку застапени и во формалното вработување со 41% и во неформалното вработување со 33%[19].

Од вкупниот број работодавачи во РСМ во 2021 година, само 19 % се жени.

**Графикон 2 - Полова структура на работодавачи во РСМ во 2021[20]**

[19] Стапки на активност на населението според пол и школската подготовка, по години https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[20] Полова структура на работодавачи https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef




Во врска со формалното и неформалното вработување на жените во РСМ според последните податоци од 2021 година, забележуваме дека најголем број на неплатени семејни работници се жените од руралните средини, со вкупен број од 18.634. Дополнително, 59% од неактивните жени на возраст од 20-64 години се неактивни на пазарот на труд поради извршување на семејните обврски наспроти 41% од мажите.

**Графикон 3 - Формално вработување во РСМ во 2021[21]**




Додека анализирајќи го неформалното вработување на жените во РСМ се забележува дека неформално вработените жени се со помал процент од неформално вработените мажи, односно 33% наспроти 67% во однос на мажите.

[21] Формална и неформална вработеност според полот, по години https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

**Графикон 4 - Неформално вработување во РСМ во 2021**[22]




Согласно анализираните податоци во врска со процентот на вработеност кај жените, активноста при барање на работа во РСМ и на ниво на Скопскиот плански регион, и не активноста поради извршување на домашни обврски, се забележува дека жените генерално заостаостануваат позади мажите, и секоја антивност на национално и локално ниво за сузбивање на негативните ефекти од родовата нееднаквост е од фундаментално значење, вклучувајки ја и наведената стратегија.

Согласно најновите податоци од Агенцијата за вработување на РСМ во периодот од 01.01.2022 до 31.01.2022 година, 101.405 лица биле пријавени на ново вработување од кои 11.098 лица од евиденција на невработени и 90.307 лица надвор од евиденција на вработени.[23]

Доколку пак невработеноста се анализира од аспект на полот на невработени лица според време на чекање на вработување со состојба на 31.05.2023, се забележува дека генерално процентот на невработени жени во вкупниот број анализирани невработени лица е поголем од тој на мажите, согласно возрасните категории. Во временската рамка 6-11 месеци жените се 53% од вкупниот број анализирани лица. Во временските рамки 12-17 и 18-23 месеци пак, жените и овде се во повисок број од 52% односно 54% застапени во вкупниот број на анализирани лица. Исто така, во временските рамки од 2, 3 и 4 години период на невработеност, жените се со застапеност од 55%, 55% и 63% во вкупниот број на анализирани лица во Скопски плански регион.[24]

---

[22] Формална и неформална вработеност според полот, по години https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[23] Прглед на регистрирани пријави на засновани работни односи https://av.gov.mk/registrirani-prijavi-za-zasnovani-rabotni-odnosi.nspx

[24] Преглед на невработени лица според време на чекање на вработување https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%9C%D0%B0%D1%98%202023/O4_vremecekanje052023.xls.pdf

Доколку невработеноста се анализира од аспект на нивото на образование на невработени лица (со пресек од 31.05.2023 година) може да се констатира дека жените се повеќе застапени во најниската образовна категорија, односно Без образование и Без основно образование со 58,84% од вкупниот број на невработени анализирани лица и кај категориите Високо, Магистер и Доктор на науки со 61,30%, 61,76% и 77,77% од вкупниот број на невработени лица.[25]

Доколку невработеноста се анализира според возрасна структура со состојба на 31.05.2023 година, се забележува дека само во една возрасна група односно од 60-64 години жените се во помал број од мажите односно опфаќаат само 37% од вкупниот број на анализирани лица, додека во сите останати категории жените се повеќе застапени. Во категорија 15-19 со 55%, во категорија 20-24 со 56%, во категорија 25-29 со 56%, во категорија 30-34 со 52%, во категорија 35-39 години со 52%, во категорија 40-44 години со 58%, во категорија 45-49 години со 56%, во категорија 50-54 и 55-59 години со 53% и 52% од вкупниот број на анализирани лица според возрасната структура.[26]

Скопје и Скопскиот плански регион се поистоветува со погоре споменатите трендови на национално ниво кога е во прашање невработеноста кај жените. Анализирајќи ја истата од неколку различни аспекти се забележува дека генерално бројот на невработени жени е поголем од бројот на невработени мажи, исто така жените подолго чекаат за вработување, и скоро во секоја возрасна категорија, бројот на невработени жени е исто така поголем во однос на мажите.

Со оглед на тоа дека Скопје и Скопскиот плански регион е најголем регион во РСМ од суштинско значење е да се подобри состојбата со невработеноста кај жените односно да се зголеми бројот на вработени жени по основ на сите гореспоменати анализирани категории.

Како поважни стратешки документи кои денес се стремат да ги минимизираат негативните ефекти од родовата нееднаквост во РСМ се Стратегијата за развој на женското претприемиштво (2019-2023)[27] чија цел е создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на претприемнички потенцијал кај жените со што се допринесува за развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија. Дополнително, Стратегијата за родова

[25] Преглед на невработени лица според школска подготовка https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%9C%D0%B0%D1%98%202023/P3_obrazovanie052023.xls.pdf

[26] Преглед на невработени според возрасна структура https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%9C%D0%B0%D1%98%202023/P2_vozrast052023.pdf

[27] Стратегија за развој на женското претприемиштво (2019-2023) https://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%BE%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B5%D0%BC%D0%BD%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B2%D0%BE%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%20%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0%202019-2023.pdf

еднаквост 2022 – 2027 година[28] , која дефинира јасни општи и специфични цели кои исто така треба да допринесат за намалување на родовата нееднаквост.

Подетелна анализа за документите и ситуацијата во РСМ во однос на женското претприемништво и статусот на жените во однос на одделни економски параметри е презентирана во следните поглавја од оваа Стратегија.

Дополнителни активности кои ќе придонесат кон намалување на родовата нееднаквост на национално ниво освен претходно споменатите документи, се и следниве активности[29]:

- Усвоен е Закон за буџети со кои за прв пат се регулира принципот на родово одговорно буџетирање и обврската за вклучување на родови индикатори и родово буџетска изјава на централно и на локално ниво[30]
- Усвоен е предлог-законот за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност со кој се намалува стапката за прометот со менструални производи[31]

[28] Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0_%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82_2022_2027.pdf

[29] Публикација: Жените и мажите во Северна Македонија 2023 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf

[30] Родово одговорно буџетирање во Република Северна Македонија https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/21-1.pdf

[31] Предлог закон за измена и дополнување на законот за данокот на додадена вредност https://vlada.mk/2022-108

# 2. Анализа на економските и претприемачките активности на жените

Во делот на истражувањето на секундарни извори на информации првенствено се анализираше економската активност на жените преку 3 специфични области:

- Претприемничка активност во потесна смисла (т.е. започнување нови деловни потфати),
- Вработување,
- Плати.

## 2.1 Претприемачка активност кај жените

Претприемачката активност кај жените најдобро е прикажана во глобалното истражување ГЕМ[32] (Global Entrepreneurship Monitor) согласно кое може да се забележи дека постои постоењето на значително поголем јаз во претприемничката активност меѓу мажите и жените во РСМ во споредба со останатите земји кои се вклучени во ова истражување ГЕМ.

**Табела 6 - Претприемачко однесување и ставови - Entrepreneurial Behaviour and Attitudes[33]**

| Родова еднаквост | Северна Македонија 2019 | Северна Македонија 2016 | Глобален просек | Регионален просек |
|---|---|---|---|---|
| Женски/машки TEA[34] Соодност | 0.36 | 0.40 | 0.76 | 0.67 |
| Женски/машки соодност TEA управуван од можности | / | 1 | / | |

Истражувањето покажува дека РСМ заостанува во однос на глобалното ниво на претприемачка активност кај жените (0.76%), но исто така заостанува и во однос на соседните земји од регионот каде што регионалниот просек е (0.67%) што е за 0.27 повисок од највисокиот просек на РСМ измерен во 2016 година.

## 2.2 Вработеност

Според последните податоци од 2020, стапката на вработеност говори за процентот на вработените лица според работната категорија, т.е. возраста на работно способното население (од 15-64 години). Прашањето на родовата активност е уште понагласено во последните години, кога РСМ се соочува со

[32] Глобален монитор за претприемништво (ГЕМ) https://gemconsortium.org/about/gem/5

[33] ГЕМ Извештај - Претприемачко однесување и ставови https://gemconsortium.org/economy-profiles/macedonia

[34] TEA Индикатор - Вкупна претприемничка активност во рана фаза

неколку последователно шокови, најнапред здравствената криза, енергетската криза, а потоа и со воениот конфликт во Украина.

**Табела 7 - Стапки на невработеност на населението на возраст од 15 години и повеќе според полот и возраста, по години, 2020[35]**

| **2020** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **15-19** | **20-24** | **25-27** | **28-29** | **30-34** | **35-39** | **40-44** | **45-49** | **50-54** | **55-59** | **60-64** |
| **Гази Баба** | **вкупно** | 4554 | 4637 | 3049 | 2107 | 5405 | 5633 | 6134 | 5681 | 5222 | 4779 | 4581 |
| | **мажи** | 2347 | 2351 | 1562 | 1037 | 2691 | 2735 | 3039 | 2887 | 2606 | 2393 | 2220 |
| | **жени** | 2207 | 2286 | 1487 | 1070 | 2714 | 2898 | 3095 | 2794 | 2616 | 2386 | 2361 |
| **Ѓорче Петров** | **вкупно** | 2122 | 2286 | 1505 | 1183 | 3211 | 3498 | 3264 | 3143 | 2871 | 2830 | 2941 |
| | **мажи** | 1079 | 1149 | 761 | 580 | 1606 | 1746 | 1594 | 1546 | 1406 | 1358 | 1418 |
| | **жени** | 1043 | 1137 | 744 | 603 | 1605 | 1752 | 1670 | 1597 | 1465 | 1472 | 1523 |
| **Карпош** | **вкупно** | 2786 | 2896 | 2123 | 1481 | 4148 | 4446 | 4599 | 4628 | 4637 | 4198 | 3854 |
| | **мажи** | 1392 | 1477 | 1055 | 741 | 2025 | 2128 | 2112 | 2170 | 2168 | 1991 | 1796 |
| | **жени** | 1394 | 1419 | 1068 | 740 | 2123 | 2318 | 2487 | 2458 | 2469 | 2207 | 2058 |
| **Сарај** | **вкупно** | 3232 | 3321 | 2085 | 1473 | 3401 | 3030 | 3157 | 2955 | 2773 | 2368 | 1831 |
| | **мажи** | 1624 | 1758 | 1104 | 771 | 1794 | 1627 | 1714 | 1545 | 1399 | 1177 | 891 |
| | **жени** | 1608 | 1563 | 981 | 702 | 1607 | 1403 | 1443 | 1410 | 1374 | 1191 | 940 |
| **Скопје останат дел и Сопиште** | **вкупно** | 17862 | 17914 | 12139 | 8620 | 23948 | 26459 | 25929 | 23637 | 21768 | 19927 | 19339 |
| | **мажи** | 9155 | 9221 | 6194 | 4392 | 11820 | 12931 | 12802 | 11557 | 10703 | 9643 | 8939 |
| | **жени** | 8707 | 8693 | 5945 | 4228 | 12128 | 13528 | 13127 | 12080 | 11065 | 10284 | 10400 |
| **Арачиново** | **вкупно** | 1155 | 1299 | 809 | 475 | 1149 | 1042 | 1021 | 986 | 847 | 598 | 458 |
| | **мажи** | 600 | 677 | 435 | 263 | 581 | 544 | 557 | 511 | 433 | 299 | 229 |
| | **жени** | 555 | 622 | 374 | 212 | 568 | 498 | 464 | 475 | 414 | 299 | 229 |
| **Петровец** | **вкупно** | 582 | 630 | 375 | 247 | 680 | 719 | 727 | 647 | 576 | 508 | 415 |
| | **мажи** | 291 | 324 | 181 | 117 | 345 | 371 | 381 | 365 | 303 | 263 | 223 |
| | **жени** | 291 | 306 | 194 | 130 | 335 | 348 | 346 | 282 | 273 | 245 | 192 |

Во Табела 7 даден е статистички осврт на стапката на вработеност на населението согласно возраста и согласно оделните региони во Скопскиот плански регион.

[35] Стапки на невработеност на населението на возраст од 15 години и повеќе според полот и возраста, по години https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Дополнително, се направи анализа и на родовата рамноправност на национално ниво каде што исто така се забележува секундарното учество на жената во однос на мажот во скоро сите категории.

**Табела 8 - ЦОР 5 Родова рамноправност[36]**

| Родова рамноправност | 2021 |
|---|---|
| Родов јаз во вработувањето, % | 20,3 |
| Учество на жени - пратенички во националниот парламент ,% на мандати | 40,2 |
| Учество на жени на позиции во националната влада ,% на мандати | 16,7 |
| Учество на жени на високи раководни позиции, во компании кои котираат на берзата, членови на одбори, број на позиции | 21,0 |
| Учество на жени на високи раководни позиции, (борд на директори/ извршни менаџери), број на позиции | 25,0 |
| Лица што рано го напуштаат образованието, % од население на возраст 18-24 | 4,6 |
| Лица што рано го напуштаат образованието, % од население на возраст 18-24 год. , мажи | 4,7 |
| Лица што рано го напуштаат образованието, % од население на возраст 18-24 год., жени | 4,6 |
| Лица со завршено високо образование, % на население на возраст 25-34 год, вкупно | 35,6 |
| Лица со завршено високо образование, % на население на возраст 25-34 год, мажи | 30,3 |
| Лица со завршено високо образование, % на население на возраст 25-34 год, жени | 41,1 |

## 2.3 Плати

Во однос на платите жените исто така заостануваат во однос на мажите односно се дискриминирани. Согласно следната табела изготвена според последните податоци од 2022 година се забележува дека мажите имаат поголема нето плата скоро во сите категории во споредна со жените.

**Табела 9 - Вработени според нето-платата и полот, по години 2022[37]**

| Вкупно | Не земале плата | Неплатени семејни работници | Непознато | до 5000 | 5001-8000 | 8001-10000 | 10001-12000 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 692064.0 | 685.0 | 23449.0 | 8896.0 | 4010.0 | 4566.0 | 6948.0 | 9472.0 |
| 404704.0 | 567.0 | 8013.0 | 6581.0 | 3290.0 | 2915.0 | 4866.0 | 6863.0 |
| 287360.0 | : | 15436.0 | 2315.0 | 721.0 | 1651.0 | 2082.0 | 2608.0 |
| 100.0 | 0.1 | 3.4 | 1.3 | 0.6 | 0.7 | 1.0 | 1.4 |
| 100.0 | 0.1 | 2.0 | 1.6 | 0.8 | 0.7 | 1.2 | 1.7 |

[36] ЦОР 5 Родова рамноправност https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__OdrzlivRazvoj__CeliNaOdrzlivRazvojCOR2030/225_OdrzRaz_Mk_SDG_05_Gender_ml.px/table/tableViewLayout2/

[37] Вработени според нето-платата и полот, по години https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 100.0 | : | 5.4 | 0.8 | 0.3 | 0.6 | 0.7 | 0.9 |
| 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| 58.5 | 82.8 | 34.2 | 74.0 | 82.0 | 63.8 | 70.0 | 72.5 |
| 41.5 | : | 65.8 | 26.0 | 18.0 | 36.2 | 30.0 | 27.5 |

| **Вкупно** | **12001-16000** | **16001-20000** | **20001-25000** | **25001-30000** | **30001-40000** | **40001 и повеќе** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 692064.0 | 60911.0 | 196318.0 | 191619.0 | 113741.0 | 51392.0 | 20059.0 |
| 404704.0 | 30550.0 | 107343.0 | 114141.0 | 70026.0 | 34711.0 | 14839.0 |
| 287360.0 | 30361.0 | 88975.0 | 77478.0 | 43715.0 | 16681.0 | 5220.0 |
| 100.0 | 8.8 | 28.4 | 27.7 | 16.4 | 7.4 | 2.9 |
| 100.0 | 7.5 | 26.5 | 28.2 | 17.3 | 8.6 | 3.7 |
| 100.0 | 10.6 | 31.0 | 27.0 | 15.2 | 5.8 | 1.8 |
| 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| 58.5 | 50.2 | 54.7 | 59.6 | 61.6 | 67.5 | 74.0 |
| 41.5 | 49.8 | 45.3 | 40.4 | 38.4 | 32.5 | 26.0 |

На следната табела може да се забележи, дека во Скопскиот плански регион вкупната бруто заработувачка е највисока во сите региони. Иако е највисока на ниво на цела држава сепак може да се забележи дека мажите имаат скоро 15% повисока годишна бруто заработувачка во однос на жените.

**Табела 10 - Просечни бруто-заработувачки, социјални придонеси и даноци според региони, по пол 2018[38]**

| 2018 | Годишна бруто – заработувачка | | | Бруто-заработувачка во октомври | | | Социјални придонеси и даноци исплатени од страна на работодавецот на сметка на работникот во октомври | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени | вкупно | Мажи | жени | вкупно | мажи | жени |
| Вардарски регион | 356.830 | 383.192 | 330.723 | 29.997 | 32.218 | 27.798 | 9.491 | 10.246 | 8.743 |
| Источен регион | 360.487 | 394.706 | 329.726 | 30.029 | 33.151 | 27.222 | 9.474 | 10.521 | 8.533 |
| Југозападен регион | 352.627 | 372.743 | 327.234 | 29.083 | 30.736 | 26.996 | 9.186 | 9.754 | 8.470 |
| Југоисточен регион | 361.364 | 385.402 | 335.411 | 29.507 | 31.267 | 27.607 | 9.318 | 9.914 | 8.674 |
| Пелагониски регион | 398.385 | 429.759 | 368.234 | 33.229 | 35.704 | 30.851 | 10.580 | 11.390 | 9.801 |
| Полошки регион | 372.220 | 389.633 | 352.672 | 31.174 | 32.474 | 29.716 | 9.857 | 10.278 | 9.385 |
| Североисточен регион | 320.044 | 339.110 | 305.916 | 26.362 | 27.898 | 25.225 | 8.240 | 8.762 | 7.854 |
| Скопски | 519.470 | 552.221 | 472.015 | 42.471 | 45.071 | 38.702 | 13.609 | 14.415 | 12.439 |

[38] Просечни бруто-заработувачки, социјални придонеси и даноци според региони, по пол, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| регион | | | | | | | | |
| РСМ | 443.884 | 480.377 | 399.966 | 36.522 | 39.442 | 33.008 | 11.640 | 12.581 | 10.509 |

# 3.Методологија

Изработката на Стратегијата се базира на голем обем податоци кои беа собрани и анализирани од примарни и секундарни извори на информации.

Анализирани се секундарни и примарни податоци со цел добивање на јасна слика на женското претприемништво како во Скопскиот плански регион така, на национално ниво и пошироко.

